Република Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 15.02.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 48 | 1379/1 | | |

ЗА НОМИНАЦИЈА

**ДО: ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДА НА РМ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СОРАБОТКА СО НВО**

Бр. 18-360/1
13.02.2019 година


Министерство за локална самоуправа
Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3216 134
Факс: (02) 3216 134
Е-пошта:
Сајт: www.mls.gov.mk


**ПРЕДМЕТ: Барање за номинација на член во Секторска работна група за регионален и локален развој**

Почитувани,

Во оваа прилика би сакале да ве известиме дека согласно последните насоки од Делегацијата на ЕУ, се планирани 6 милиони евра да бидат алоцирани за областа регионален и локален развој.

Овие средства ќе бидат доделени за проекти за поддршка на ефективноста, ефикасноста и јавна поддршка на општините, преку пилотирање на паметни решенија за решавање на предизвиците во локалните самоуправи во партнерство со локалните власти од земјите-членки на ЕУ.

За таа цел, потребно е воспоставување на секторски пристап преку формирање на Секторска работна група за регионален и локален развој.

Министерството за локална самоуправа е одредено да биде координатор на оваа Секторска работна група. Секторската работна група ќе треба да пристапи кон подготовка на програмските документи а подоцна и да ја следи имплементацијата на истите.

Заради комплексноста на областа регионален и локален развој и неговата повеќедимензионалност, потребно е во Секторската работна група да има претставник и од граѓанските организации со делокруг на работа од областа на локалната самоуправа.

За таа цел, замолуваме, да побарате, Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор да одреди двајца претставници од граѓанските организации кои ќе земат учество во работата на Секторската работна група .

Имајќи ги во предвид кратките рокови, потребно е најдоцна до 19.02.2019 година да доставите номинација.

Номинациите да се достават по пошта но и на следнава меил адреса anestojanovska@gmail.com .

Со почит,

Министер,
Suhejl Fazliu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
2
СКОПЈЕ

Подготвил/а: м-р. Андриана Стојановска Аврамовска